

Лика Чопоva – Јурукова  (19. II 1895  -  5. IX 1983) е истакната просветителка и публицистка од Македонија. Потекнува од македонските револуционерни семејства Делчеви и Чопови. Внуката на Гоце Делчев учествувала во активностите на Илинденската организација и била во одборот за пренесување на неговите коски од Софија во Скопје.

Лика Јурукова е родена на 19 февруари 1895 година во Кукуш, во семејството на фурнаџијата Андон Чопов и сестрата на Гоце Делчев, Руша Чопова. Нејзините браќа Владимир, Тодор и Туше се револуционери од ВМОРО. По палењето на Кукуш во 1913 година со семејството емигрирала во Бугарија. Се населиле во Горна Џумаја (Благоевград), каде што нивниот дом ќе стане свrталиште на многу истакнати македонски револуционери.…

Долги години Лика се занимавалала со публицистичка и педагошка дејност. Учествувал во активностите на Илинденската организација и била во одборот за пренесување на коските на Гоце Делчев од Софија во Скопје. По пензионирањето живеела во Домот на активните борци во Банки.

Додека живеела во Бугарија имала желба вистината за Гоце и за своето семејство да му ја каже на светот. Но таму, во Бугарија, не можела се да каже. Некои работи и ги бришеле, а некои, воопшто, не ги објавувале.

Во 1975 година во тогашна Народна Република Бугарија бил извршен попис на населението. Во пописните листи немало рубрика националност, очигледно, за да се докаже дека во НР Бугарија живеат само Бугари. Револтирана од фактот дека НРБ не ја призна националноста на Македонците што живеат во Бугарија, како и поради одбивањето на ЦК на БКП да и помогне во пишувањето книга за Тодор Чопов, таа решила да замине во Македонија.

Имено, следејќи го Гоцевиот аманет, таа  засекогаш револтирана ја напуштила Бугарија и во септември 1976 година дошла дома, меѓу своите, онаму каде што е „столицата на независна Македонија“. Во Скопје ќе бидат објавени некои од нејзините мемоари и тука ќе изјави дека  *„Гоце Делчев ѝ припаѓа единствено на Македонија“*.

Лика Чопова почина на 5 септември 1983 година во Скопје. Таа е погребана на Централните скопски гробишта.



Подготвил: Т.К.